КИРМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување („Службен весник на РМ“ бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на ден 28.05.2020 година го усвои следното

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-307/5-2
28.05.2020 год.
СКОПЈЕ

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Во случај кога настапила смрт на законскиот застапник кој е управител на Друштвото со ограничена одговорност на едно лице (ДООЕЛ), воедно единствен содружник и сопственик на друштвото - извршен должник, *се применуваат одредбите од членот 30 став 1 од Законот за извршување, врз основа на кои извршувањето се прекинува.* За прекинот на извршувањето извршителот е должен да ги извести наследниците на единствениот содружник и сопственик на друштвото кој бил истовремено и негов управител, ако се познати и ако е познато нивното живеалиште или престојувалиште, како и спротивната странка (чл. 30 ст. 2 од ЗИ). Доколку постапката за расправање на оставината на должникот, во кој влегува и неговиот удел во ДООЕЛ, не е поведена по службена должност, а наследниците не поднеле предлог за расправање на оставината, согласно ЗИ извршителот ќе побара од ЦСР без одлагање да им постави привремен старател на наследниците согласно Законот за семејство. Со оглед дека обврските од оваа одредба ЦСР многу ретко или воопшто не ги спроведува во практиката, во интерес на реализација на постапката за извршување, потребно е извршителот да го поучи доверителот, како лице кое има правен интерес, самиот тој да поднесе предлог за распределување на оставината, во случај кога тоа не го направил матичарот по службена должност или наследниците.

Согласно Законот за трговски друштва, друштвото од едно лице, во кое сопственик на уделот е физичко лице, престанува со смртта на тоа лице, ако по спроведената оставинска постапка наследниците не бараат друштвото да продолжи со работа (чл. 266 ст.1 ). Во таков случај, ДООЕЛ ќе се ликвидира и ќе се бара негово бришење од Централниот регистар, додека *наследниците на уделот ќе одговараат за обврските кои произлегуваат од работењето на ДООЕЛ, до висина на вредноста од наследениот удел и правата кои произлегуваат од него.* Така, согласно член 199 став 2 од ЗТД:„Ако содружникот почине, законскиот застапник (читај наследник) на неговата оставина ќе ги остварува сите права и ќе ги презема сите обврски кои произлегуваат од содружничкиот однос, вклучувајќи ги и сите други права и обврски кои, според договорот за друштвото ги остварувал, односно ги презел починатиот содружник.

Доколку е започната постапка за расправање на оставината, согласно Законот за сопственост и други стварни права на оставината на оставителот, во која влегува и уделот од ДООЕЛ, настанува режим на заедничка сопственост на наследниците се до донесувањето на правосилното решение за распределување на оставината (чл. 82). За уделот на починатиот содружник, до завршувањето на оставинската постапка, правото на глас го остварува *заедничкиот застапник определен од наследниците* на починатиот содружник со писмено полномошно заверено кај нотар (чл. 266 ст. 2 од ЗТД). *Ако не*



Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com

*назначат заеднички застапник кој ќе го застапува друштвото, тогаш сите заедничари ќе бидат овластени да го застапуваат друштвото пред извршителот.*

Со донесувањето на правосилното решение за распределување на оставината во која спаѓа и уделот од трговското друштво, во случај кога наследниците барале тоа да продолжи со својата работа, *тие ќе станат идеални сосопственици на уделот* поради што согласно законските прописи ќе биде потребно да донесат акти за реорганизација во Друштво со ограничена одговорност кое ќе биде правен следбеник на претходното ДООЕЛ во поглед на сите имотни права и обврски.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Зоран Димов

______________________



Ул. Костурски херои бр.66/4 Скопје
тел. 02 3225 674 тел/фах 02 3239 877
e -mail: izvrsitelinarm@yahoo.com